# Регионален проект за цврст отпад

**Земја:** Северна Македонија

**Број на проект:** 52828

**Деловен сектор:** Инфраструктура Европа

**Вид на инвестиција:** Државен сектор

**Еколошка категорија:** Б

**Датум на одобрување:** 9 јуни 2022 година

**Статус:** Ревизија на концепт

**Објава на Резимето на проектот:** 06 Април 2022 година

## Опис на проектот

Обезбедување на суверен кредит до ЕУР 55 милиони („Кредитот") на Република Северна Македонија, за воспоставување и развој на регионални системи за управување со отпад во пет административни региони во земјата („Проектот"). Министерството за екологија и просторно планирање („МЕПП") ќе биде ентитетот кој ќе го имплементира проектот и ќе биде одговорно за имплементација на проектот.Кредитот ќе се обезбеди во две транши:

**Транша 1** во износ од ЕУР 47,5 милиони, кои ќе бидат префрлени по потпишување на финансиските инвестиции во Полог и Пелагонија и Југо-западниот регион („ЈЗР"). Истиот ќе вклучи:

(i) Изградба/ реконструкција на регионалните интегрирани системи за управување со отпад and станици за трансфер, и
(ii) Системи за складирање на отпадот и собирање на кабаст отпад, како и затворање на депонијата во Новаци.

**Транша 2** во износ до ЕУР 7,5 милиони (необврзни) ќе го финансира следново:

(i) депонијата за цврст отпад и станиците за трансфер во Вардарскиот и Југо-источниот регион („ВЈИ"). Траншата 2 ќе биде определена во целост од страна на ЕБОР по завршувањето на Студијата за изводливост за регионот во прашање и под предложената транша. Проектот ќе има поддршка во инвестицијата и грант за техничка соработка од Швајцарскиот државен секретаријат за економски работи.

# Цели на проектот

Со овој проект се поддржува основната модернизација на инфраструктурата на цврстиот отпад („ЦО") во секој од петте проектни региони кои ја покриваат:

(i) реконструкцијата/изградбата на селектираните регионални, санитарни депонии и
(ii) набавка на канти за отпадоци и контејнери за отпад кој се рециклира и резидуален отпад, возила за транспорт и опрема.

Проектот е првиот национален потфат во секторот на управување со цврст отпад во Северна Македонија и претставува значаен чекор кон одржливи решенија за менаџирање на цврст отпад. Проектот, за прв пат е во согласност со важечките ЕУ стандарди во секторот, и покрива популација од над еден милион жители во пет административни региони во земјата. Како таков, Проектот има особено национално, регионално и еколошко значење за Северна Македонија, и беше идентификувано како национален приоритет во контекст на процесот на пристапување во ЕУ.

# Влијание врз транзицијата

ЕТИ 73

**Примарен квалитет: Добро – управување**

Проектот ќе ги прошири моменталните ингеренции од Регионалната комисијата за услуги за енергија и вода во секторот на цврст отпад, преку обезбедување на техничка помош за креирање на нов оддел во рамки на комисијата одговорна за тарифите за цврст отпад. Техничката помош ќе помогне новиот оддел да прифати нова методологија базирана на трошоците за тарифите за цврст отпад, вклучувајќи подготовка на релевантни правилници, обука на персоналот итн.

Преку техничка помош, проектот ќе воведе нов секторски регулатор за цврст отпад, во рамки на Регулаторната комисија за услуги од енергија и услуги. Одделот ќе биде задолжен за определување на нова методологија базирана на трошоци за тарифите за цврст отпад, вклучувајќи подготовка на соодветни правилници.

**Секундарен квалитет: Инклузивност**

Под овој Проект, МЕПП за прва пат во дражавата ќе интегрира инклузивна набавка во секторот на цврст отпад, отварајќи можности за развивање на вештини и можности за вработување за недоволно застапените групи граѓани. Инклузивните барања ќе бидат имплементирани во најмалку два од трите регионалните тендери, охрабрувајќи ги подизведувачите да пружат обука на местото на имплементација на проектот наменета за локалното население, вклучувајќи ги жените и Ромите. Традиционално, Ромската популација е инволвирана во неформално собирање на отпад во Северна Македонија, и се

соочува со значајни пречки во економската инклузија. До денес, МЕПП нема усвоено сеопфатен пристап на справување со егзистенцијата на Ромите кои учествуваат во ланецот на собирање на цврст отпад. Со поддршка од Инвестициската програма за западен Балкан, овој проект ќе го поддржи МЕПП, во овозможување на стекнување на вештините и можностите за вработување за оваа група, во областа на градежништво, како и работење и одржување на нова инфраструктура на цврст отпад. Проектот ќе воведе и иницијатива за развој на пред-приемачки екосистем за бизниси, кои ги водат малцинствата во ланецот на вредности кај цврстиот отпад. Овие подобрени политички пракси се очекува да креираат систематска измена надвор од Северна Македонија, преку креирање на основа за идните проекти под Инвестициската програма за Западен Балкан, преку имплементација на инклузивни принципи на набавка.

# Информации за клиентот

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ДРЖАВНА ГАРАНЦИЈА

Позајмувачот е Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии, МЕПП е ентитетот кој го имплементира проектот и главниот регулатор за развој на политики и регулативи за управување со цврст отпад.

## Финансиско учество на ЕБОР

ЕУР 55.000.000,00

**Прва транша** на ЕБОР ЕУР 47,5 милиони

**Втора транша** на ЕБОР ЕУР 7,5 милиони

## Вкупна вредност на проектот

ЕУР 68.000.000,00

**Капитални трошоци и опрема** ЕУР 55,225 милиони

**Непредвидени ситуации** ЕУР 2,725 милиони

**Студија на изводливост** ЕУР 2 милиони

**Оддел за имплементација на проектот** ЕУР 1 милион

**Надгледување на работите** ЕУР 3,5 милиони

**Институциска техничка помош** ЕУР 3 милиони

**Надокнада за завршување платена однапред** ЕУР 0,55 милиони

## Еколошко и социјално резиме

Категоризирано Б (ЕСП 2019).

Проектот вклучува изградба на регионални, санитарни депонии (согласно стандардите на ЕУ), станици за трансфер на отпад, локации погодни за оставање отпад од страна на граѓаните и набавка на опрема за собирање на отпадот. Независната еколошка и социјална проценка (ЕЦП) е финализирана во почетокот на март 2022 година и се состои од ревидирање на националните Проценки на еколошкото влијание (ПЕВ) кога ќе бидат подготвени, како и други релевантни извештаи, посета на лице место, состаноци со Агенцијата за имплементација на проектот, членовите на заедницата и националните невладини организации. Со оглед на определени отпори од страна на заедниците и НВО во изградбата на депонијата, беа консултирани значаен број на НВО за време на процесот на проценка на овој проект. Бидејќи регионалните претпријатија за управување со отпад/операторите на депониите треба да бидат основани и опремени со персонал, проценката за проектот се фокусира на анализа на вештините, ингеренциите и оперативните процедури кои ќе бидат потребни за соодветна имплементација на проектот.

Проценката на проектот од еколошки и социјален аспект ќе идентификува состојба каде новите депонии ќе бидат лоцирани во области со постоечки еколошки деградации и до постоечките депонии кои не се согласно регулативата. Проценката на отпадот кој ќе се исфрла на новите депонии не е висока, на секоја се планира да има по 100 тони на ден. Проценката на проектот ќе идентификува дали Проектот ќе ја засили имплементацијата на менаџмент стратегијата за отпад на национално ниво и конверзијата на постоечките неискористени и силно деградирани области, во современи регионални центри за депонирање на отпад и рециклирање, намалување на загадувањето предизвикано од несанитарното депонирање на отпад, намалување на емисиите на ефектот стаклена градина (ЕСГ), подобрување на визулените карактеристики на постоечките модифицирани области од планиарната рекултивација на депониите.

Првично беа подготвени две одделни национални Социјалната и еколошката проценки на влијание врз околината, за Пелагонија и Југо-источните региони, кои последователно се споија во консолидирана Еколошката и социјалната проценка за влијание од 2021 година. Депонијата за двете постоечки и за планираните депонии е лоцирана во искористената и затворената рударска област Суводол, која се управува од Рударско-енергетскиот комбинат РЕК Битола. Бафер зоната од планираната локација за депонијата маргинално се преклопува со границата на ИБА локацијата (МК024) Пелагонија. Пред-изградбата на рапидните испитувања за биодиверзитет, поврзани со хабитатите и птиците, треба да биде за време на пролетта/рано лето, а релевантни активности се вклучени и во Социјалната и еколошката проценки на влијание врз околината. Квалитетот на воздухот е слаб заради неконтролираното одлагање на отпадот и горењето на постоечките депонии, што резултира во емисии на загадувачи ( воглавно ii2, метан и органски остатоци), миризба и прашина. Нема рецептори за чувствителност во близината на депониите, а најблиската населба е лоцирана на 1.2 километри. Има приближно 10 ромски семејства кои собираат отпад на постоечките депонии. Домашниот добиток од околното село поминува на органскиот отпад и со тоа претставува ризик за контаминација преку ланецот на исхрана.

Регионалната санитарна депонија во Полошкиот регион е планирана на локација на постоечката депонија Русино, во општина Гостивар, која не е согласно пропишаните процедури. Националната нацрт студија за влијание врз околината е завршена во декември 2021 година, и достапна е во МЕПП. Процесот за консултација со јавноста е во тек. Депонијата е лоцирана во деградирана област. Категоризацијата на теренот е од ниска порозност до непробивна, па со тоа е и соодветна за изградба на депонија. Нема видови на флора и фауна кои би требало за се заштитат или да има област која треба да биде заштитена. Социјалниот и еколошкиот акционен план има барање за дополнителна прегледување во соодветна сезона (пролет или рано лето) со цел да се определат карактеристики за приоритетен биодиверзитет.

Сезонските водотеци блиску до депонијата се полнат со нелегално оставен индустриски отпад и претставуваат ризик за почвата, надземната вода и контаминација за површинските води. Заради овие причини, потребно е да се соберат дополнителни информации за можните извори на вода за пиење која е блиску до депонијата и достапноста на површинската вода за потребите на идните депонии, како дел од Социјалниот и еколошкиот акционен план.

Ромско семејство со еден родител собира отпад од метал и мали апарати за домаќинство, па потоа ги продава на локалните компании кои откупуваат ваков отпад. Ова семејство живее на депонијата шест години и ќе му биде потребна поддршка за да се стекне со соодветно домување. Има и мал број на викендички кои се во продолжение на депонијата, чии сопственици се ангажирани во купување и препродавање на пластичен отпад.

И за двата региона Пелагонија и југо-западене регион, како и Полог, ќе има дополнителни анализи на еколошките и социјалните аспекти, направени пред изградбата, со цел да се пополнат јазовите на постоечките проценки на влијанијата, со цел да се идентификуваат влијанијата поврзани со финалните карактеристики на Страниците за трансфер и плановите за компостирање. Резултатите од анализите ќе бидат искористени за ажурирање на Социјални и еколошките планови за управување и мониторинг.

Со цел да се овозможи успешна имплементација на проектот, Министерството за екологија и просторно планирање ќе треба да воспостави Одделение за имплементација на проектот, со квалификувани и искусни вработени. Министерството за екологија и просторно планирање заедно со Одделението за имплементација на проектот и регионалните оператори/компании ќе треба да имплементираат Еколошки и социјален акционен план, Рамката за обновување на живеењето и План за ангажман на учесниците во проектот. Министерството за екологија и просторно планирање го објавува нетехничкото резиме, Рамката за обновување на живеењето и План за ангажман на учесниците во проектот на нивните веб страни. Еколошкиот и социјален акционен план беше финализиран и договорен. Некои аспекти од него вклучуваат развој на проекти специфики за Еколошкиот и социјален акционен план, вклучувајќи менаџерски провизии за изведувачите, развој и имплементација на креирање и операционализација на активностите од Еколошките и социјален акциони планови, активно насочени на минимализирање на влијанијата врз почвата, површината и подземните води.

Предложеното место за регионална депонија за Вардар/ Југо-источниот регион (неопределен износ на транша) се наоѓа во област на постоечката депонија Шапкар, која е не е согласно регулативите, и која се користи од 1992 година. До сега, ниту една национална Проценки на еколошкото влијание за предложената депонија не е до сега завршена. Новата депонија се планира да биде изградена веднаш до постоечката депонија. Ова предложено место е јавно земјиште, заведено како пасиште, но не се користи. Процесот на пренамена на земјиштето од земјоделско до градежно е започнат. Околу 10 ромски семејства редовно собираат отпад на оваа депонија. Тие го собираат отпадот и тој е единствен извор на приход веќе 10-20 години.

Влијанието врз собирачите н отпад е оценето како крајно негативно. Заради тоа, во рамки на Проектот развиена е компонента Рамката за обновување на живеењето. Социјалниот и еколошкиот акционен план содржи одредби за развој на План за обновување на живеењето, заснован на Рамката за обновување на живеењето, каде ќе се обрне внимание на сите специфични влијанија.

Новите капацитети за менаџирање на отпадот ќе бидат креирани и изградени согласно Директивата на ЕУ за управување со отпад, Директивата за депонии и БАТ Заклучоците за третирање на отпад, како и релевантни технички спецификации кои ќе бидат вклучени во тендерската документација. Креирањето на депониите ќе ги намали било каквите потенцијални влијанија поврзани со испуштање и собирање на гас од депонии, емисија на воздух, мириси и влијанија. Повремените проблеми за време на изградбата ќе бидат намалени преку развој и имплементација на изведувачи од Социјалниот и еколошкиот акционен план за изведувачи, План за контрола на ерозијата и мониторинг на воздухот, почвата и површинската вода.

Со цел да обезбеди успешна имплементација на Проектот, МЕПП ќе треба да воспостави Одделение за имплементација на проектот (ОИП) кое ќе биде екипирано со квалификуван и искусен персонал. МЕПП заедно со ОИП и регионалните оператори ќе треба да ги имплементираат Социјалниот и еколошкиот акционен план, Рамката за обновување на живеењето и Планот на ангажман сите учесници во овој проект.

МЕПП ќе објави: Не-техничко резиме, Рамката за обновување на живеењето и План за ангажман на учесниците во проектот, на нивните веб страни и на соодветните платформи. Во моментов се преговара Со МЕПП за Социјалниот и еколошкиот акционен план

## Техничка соработка

*Пред потпишувањето*

- ТС 1: Студија за техничка проценка. Трошоците за оваа активност се ЕУР 75.000, и се финансирани од Шветската агенција за меѓународна помош на развојот;

- ТС 2: Еколошка проценка. Трошоците за оваа активност се ЕУР 200.000 и се финансирани од Шветската агенција за меѓународна помош на развојот;

*После потпишувањето*

- TC 3: Поддршка на одделението за имплементација на проектот за Транша 1. Оваа активност ќе вклучи ревидирање на нацртот и техничките спецификации, подготовка на тендерот и набавката, имплементација на работите и набавка на договори. Вкупниот трошок на оваа активност се проценува на ЕУР 700,000 се очекува да биде финансиран од меѓународен донатор или акционерски фонд.

- TC 4: Корпоративен Развој и институционална поддршка. Оваа активност ќе го поддржи (i) креирањето/развојот на институционалните договори за трите идни системи за управување со отпад и (ii) поддршка на Регулаторната Комисија за енергија и вода, во основање на посебен оддел за цврст отпад, подготовка на методологијата, регулативата и процедурите врз основа на кои тарифите за управување со отпад ќе бидат определени. Трошоците за оваа активност се очекува да бидат ЕУР 3 милиони , а се очекува да бидат финансирани од Шветската агенција за меѓународна помош на развојот .

- TC 5: Одделение за имплементација на проектот за поддршка на Транша 2. Поддршка за ревизија на нацртот и техничките спецификации, подготовка на тендерот, набавка, и друга поддршка во имплементацијата на втората фаза. Трошокот за оваа активност се проценува на ЕУР 350.000 и се очекува да биде финансиран од Инвестициската програма за Западен Балкан, меѓународен донатор или акционерски фонд.

*Ко-инвестициски грант*

- од Шветската агенција за меѓународна помош на развојот во вкупен износ од ЕУР 6 милиони ќе биде доделен на Полошкиот регион, предмет согласно одобрувањето на донаторот.

# Додадена вредност

**Финансиска структура**

- ЕБОР нуди финансирање кое не е достапно на пазарот од други комерцијални извори, по разумни услови и рамки, на пример, на подолг грејс период. Ваквото финансирање неопходно треба да структуира проект од ваков вид.

- Инвестицијата на ЕБОР е потребна за затварање на јазот на финансирање (за Полошкиот регион) со меѓународните финансиски институции, владите, комерцијалните банки и/или пропратните сегменти.

**Справување со ризик**

- ЕБОР им помага на клиентите за се справат со ризиците на транзиција на јаглеродниот диоксид и да превземе климатски активности, како што е придвижување кон транзицијата на низок јаглероден диоксид.

**Политики, сектори, институционални и регулаторни измени**

- Инволвираноста на ЕБОР во овој проект се смета за дополнителна вредност, бидејќи е креиран да поттикне на ниво на секторот или земјата (преку воведување на тарифи кои се трошочно рефлективни за управување со цврстиот отпад.)

**Поставување на стандардни: помагање на проектите и клиентите за да постигнат повисоки стандарди**

- Клиентот бара/ја користи експертизата на ЕБОР за подобрување на корпоративното управување, вклучувајќи го и управувањето на климатскиот ризик.

- Клиентот бара/ја користи експертизата на ЕБОР за најдобрите меѓународни стандарди за набавка.

- Акционите родови планови ќе треба да се развијат за да се разработи силна хоризонтална и вертикална родова сегрегација, која во моментов е присатна во секторот на цврст отпад.

**Знаење, иновација и градење на капацитет**

- ЕБОР обезбедува експертиза, иновација, знаење и/или вештини кои се материјални за времено реализирање на проектните цели, вклучувајќи поддршка за зајакнување на капацитетот на клиентот.

## Контакт детали за клиентот

Ана Каранфилова Мазневска

A.Karanfilova@moepp.gov.mk

+389 75 359484

www.moepp.gov.mk

,, Пресвета Богородица " број 3, 1000 Скопје, Северна Македонија

# Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се провери тука.

# Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) јавете се на

Тел.:+44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проекти на Банката со државата, проверете на Набавки на ЕБОР:

Тел.: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За прашања околу проектите можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

# Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на ,,еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

# Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови, проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во проверување на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи одговор. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк Пристап до политики за информирање , за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се достават преку Формуларот за прашања за ЕБОР .

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизм на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП на ЕБОР, независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала Еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање , и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено превенирајќи идни неусогласување со Банката.

Ве молиме посетете ја веб страната за Механизми за проекти кои можеме да ги финансираме, за да дознаете како да доставите поплака преку доверливиот образец достапен онлајн, директно преку електронска адреса, онлајн електронска адреса или телефон. НМПП Ви стои на располагање за да разговара за Вашата загриженост околу оваа проблематика и да одговори на било кое прашање околу доставување или справување со поплаките, а е согласно Политиката за финансирање на проект и Упатствата. Идентитетот на доставувачите на поплаката може да се чува како доверлив, доколку истото е побарано од подносителот на поплаката.